Дневни билтени

2015

- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

# Извадок на дел од дневни настани 09.10.2021

На 08.10.2021 во 23.25 часот на Граничниот премин Ќафасан бил лишен од слобода Г.Б.(29) од Р.Албанија. По извршени гранични проверки било констатирано дека тој во службената евиденција е мерка „апси“ по распишана потерница од Интерпол - Р.Унгарија. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициската станица Струга за понатамошна постапка.

На 08.10 2021 во 15.15 часот од полициски службеници од Полициската станица Демир Хисар на локалниот пат за с.Ново Село биле лишени од слобода Х.К.(29) и В.И.(21), двајцата од Демир Хисар, затоа што кај нив била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 08.10.2021 во 01.10 часот во Полициската станица Драчево, С.Б.(54) од Скопје пријавил дека во Паркот на бранителите бил каснат од куче скитник.

На 08.10.2021 во рами на засилените акциски контроли во областа на сообраќајот, на територијата на град Скопје изречени се вкупно 90 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 14, 8 санкции за непрописно престигнување и обиколување, 10 за возење без возачка дозвола, четири за минување на затворен семафор (црвено светло). Изречени се и пет мерки за користење мобилен телефон, две за управување под дејство на алкохол, 36 мерки за непрописно паркирање.

На 08.10.2021 во 19.20 часот во СВР Битола, В.К.(32) од с.Поешево пријавил дека на ул. „Васко Карангелевски“ во Битола бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против М.С.(42) од Свети Николе, за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материјали“. Пријавената, во колонијална продавница во Свети Николе, за свои потреби неовластено продавала поголемо количество на распрскувачки материи. По извршена контрола од страна на полициски службеници, пронајдени се и одземени се пакувања со 114 огномети.

На 08.10.2021 во 20.20 часот 34-годишна жителка на с.Ржаничино, скопско, пријавила дека во с.Ржаничино била физички нападната од Д.С.(65), со кого имале нарушени семејни односи. Сочинет бил записник за констатиран прекршок по чл.12 од ЗППЈРМ.

На 09.10.2021 во 01.20 часот било пријавено дека во Кичево, во угостителски објект, настанал пожар, при што биле опожарени деловни простории кои ги користела политичка партија. Од Територијалната противпожарна единица Кичево пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. На местото излегле полициски службеници од Полициската станица Кичево.

На 08.10.2021 во 21.30 часот било пријавено дека на подрачјето на Гази Баба, по претходно недоразбирање во сообраќајот, бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу Д.Р.(40) и А.Е.(34), двајцата од Скопје. Сочинети биле записници за констатиран прекршок по чл.11 од ЗППЈРМ.

На 08.10.2021 во 19.00 часот Д.К.(19) од Скопје пријавил дека на 06.10.2021 околу 23.00 часот на подрачјето на Центар бил физички нападнат од две лица кои му побарале пари. Се работи на расчистување на случајот.

На 08.10.2021 во 14.30 часот било пријавено дека во с.Лешани - Дебрца настанал пожар во племна, сопственост на Т.М. од с.Лешани, при што изгорело сено. Пожарот бил локализиран од Територијална противпожарна единица Охрид. Излезено било на местото од полициски службеници од СВР Охрид.

На 08.10.2021 во 22.00 часот било пријавено дека во Претор, во угостителски објект, Ќ.М.(38) и Б.М.(21) физички ги нападнале Н.З.(42) и Е.З.(29), сите од Ресен. Сочинети биле записници за констатиран прекршок по чл.12 ст.2 од ЗППЈРМ.

На 08.10.2021 во 14.20 часот Б.Д.(75) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Ѓорче Петров бил физички нападнат од едно лице кое управувало приватен автобус со број 11. Се работи на расчистување на случајот

На 08.10.2021 во 18.30 часот било пријавено дека во Прилеп, во помошна просторија - сушара во дом за стари лица настанал пожар. Повредени лица нема, а пожарот бил изгаснат од Територијалната противпожарна единица Прилеп. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Прилеп.

На 08.10.2021 во 18.15 часот А.Ц.(60) од Богданци пријавил дека во Богданци бил физички нападнат од Т.П.(34). Се работи на расчистување на случајот.

На 08.10.2021 во 17.00 часот Ј.Т.(37) од Скопје пријавил дека на ѕидот од оградата на неговиот дом во Лисиче, со употреба на спреј бил нацртан графит со политичка содржина од една политичка партија.

На 08.10.2021 во 13.25 часот М.Д.(52) од с.Босилово пријавил дека во с.Босилово, по претходна расправија околу сообраќајот, бил физички нападнат од едно лице кое управувало автобус. Се работи на расчистување на случајот.

На 09.10.2021 во 01.50 часот С.М.(25) од Росоман пријавил дека пред угостителски објект во Росоман, по претходна расправија, бил физички нападнат од С.П. и Т.П., двајцата од Росоман. Се работи на расчистување на случајот.

На 08.10.2021 во 17.10 часот било пријавено дека во Шуто Оризари, врз плакати од кандидат за градоначалник од една политичка партија, биле поставувани плакати од кандидат на друга политичка партија.

На 08.10.2021 во 22.30 часот Р.Р.(39) с.Добарце, тетовско, пријавил дека пред трговски центар во Тетово, по претходно недоразбирање, неговиот малолетен син бил физички нападнат од две лица на возраст од околу 17-18 години, кои во нападот користеле тврд предмет. Се работи на расчистување на случајот.

На 08.10.2021 во 15.15 часот во СВР Скопје од Градската општа болница „Св.Наум Охридски“ било пријавено дека кај нив била донесена М.С.(78) од Скопје, со тешки телесни повреди. Полициски службеници излегле на местото, при што било констатирано дека М.С. со повредите се здобила откако едно лице на подрачјето на Центар физички ја нападнало и ѝ ја одзело чантата. Се работи на расчистување на случајот.

Регионалниот центар за гранични работи Север поднесе кривична пријава против А.В.(23), А.С.(36), А.С.(45) и С.С.(48), сите од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување на исправа“ и „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија“ на Граничниот премин Табановце.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет